# Култура -„cultus“,

Зборот култура доаѓа од латинскиот збор „cultus“, што означува „нега, гаење на нешто“. Со понатамошниот развој на зборот се формира и поимот на културата. Сфаќањето за термините култура и цивилизација не е исто кај различни народи во Европа. Во секој народ постојат специфични системи на културата чии основи лежат во матрицата на тој народ. Културна институција или културна организација е организација во рамките на една култура што работи за зачувување или унапредување на културата. Терминот е особено користен од јавни и добротворни организации, но неговиот опсег на значење може да биде многу широк. Примери на културни институции во современото општество се музеи, библиотеки и архиви, цркви, уметнички галерии.

Културниот идентитет е идентитет или чувство на припадност на група. Тој е дел од самоперцепција и се однесува на националност, етничка припадност, религија, социјална класа, генерација, локација или која било социјална група која има своја посебна култура. На овој начин, културниот идентитет е карактеристичен и за индивидуата и за културно идентична група на членови кои имаат ист културен идентитет.